Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 87/0306
26.02.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од Џабир Дерала, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Економски.мк“, со текстот насловен „Џабир Дерала се закани, ќе вадел луѓе на улица ако не се заштити криминалот на Заев“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 13 и 14.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 29 јануари 2020 година, Џабир Дерала поднесе жалба за текстот со наслов „Џабир Дерала се закани, ќе вадел луѓе на улица ако не се заштити криминалот на Заев", објавен на 29 јануари 2020 година, на интернет – порталот „Економски.мк" (www.ekonomski.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, дискриминација и клевета.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Економски.мк" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 13 и 14.

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

***Член 14***: *„Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој пренесува информација од обраќањето на Џабир Дерала од невладината организација „Цивил" на јавната дебата за Законот за јавно обвинителство во Собранието.

Текстот произлегува од јавниот интерес, зашто и јавните личности, во случајов, истакнат претставник на граѓанскиот сектор, подлежи на постојан јавен надзор и потенцијална јавна критика. Сепак, начинот на кој е обработен текстот не нуди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која што се говори. Содржината е тенденциозна и со елементи со политичка заднина, без разлика што интернет-порталот

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

„Економски“ дел од информацијата презел од друг медиум (Инфомакс.мк), кој во меѓувреме ја отстранил содржината. Новинарите се одговорни и за искажаното на другите медиуми, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат јавност и затоа не ги ослободуваат од одговорност.

Текстот изобилува со коментари и непоткрепени тврдења, кои во еден дел, се базираат и на фотографија што наводно треба да докаже дека Дерала својот говор го засновал врз основа на политичка инструкција, како што се вели во следната реченица:

***„Камерата на Инфомакс го овековечи и моментот кога Дескоска и Дерала се договорааа што треба да каже претставникот на „граѓанскиот“ сектор.“***

Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 13** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Ваквата отстапка е особено нагласена во следните реченици:

***„Омилениот невладино-владин претставник Џабир Дерала испрати директна закана до македонските пратеници дека доколку не се донесе Законот за јавно обвинителство, тој со неговата „шарена“ тајфа ќе излегле на улица. Она што министерката Рената Дескоска не можеше да го каже го кажа Дерала па наместо експертско мислење тој ширеше политичка пропаганда на експертската расправа.“***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката.

Понатаму, Комисијата утврди дека во текстот на „Економски.мк“ е прекршен и **членот 14** од Кодексот на новинарите, според кој критичкото следење на политичките процеси се важна обврска на новинарите, но дека тие мора да обезбедат професионална дистанца од политичките субјекти. Ваквото прекршување на Кодексот е забележливо во завршниот дел од текстот:

***„Политичката драма продолжува со оглед на тоа што власта нема никакви аргументи со кои би можела да го одбрани ова законско решение, а правните експерти без исклучок жестоко го критикуваа законот како небулозен и недоречен.“***

Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти. Пропагандата за одредена политичка партија или опција е неспоива со новинарската професија.

На крајот, Комисијата констатираше дека безмалку истиот текст, по принципот на непопуларното „copy-paste“, е пренесен од уште неколку медиуми, кои се предмет на жалба пред Советот за етика.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Жалбената Комисија при одлучувањето внимателно го преслуша говорот на Џабир Дерала во Собранието, во делот кој што се најде на критика во медиумите кои се предмет на жалба. Во насока на подобро разбирање на одлуката, делот од обраќањето на Дерала дословно го пренесуваме во форма на цитат:

***„Дами и господа, надвор од оваа зграда расте гневот и разочарувањето што оние кои ја заробија државата се уште се на слобода. Ако повторно излеземе на улица, нема да си одиме дома додека не видиме правда. Како сакате, сфатете ме.“***

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „Економски.мк“ (www.ekonomski.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595